*ПРОГРАМА*
*за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019година*

*Септември 2018 година*

ПРОГРАМА
за одржување на јавната чистота и зленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019 година

## 1. В о в е д

Со оваа Програма се уредува одржувањето на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба, видот, обемот, начинот, динамиката на извршување на активностите, начинот на финансирање на Програмата и надзорот за нејзино спроведување.

### 1.1. Одржувањето на јавната чистота

Одржувањето на јавната чистота на подрачјето на Општината Гази Баба претставува една од основните приоритетни задачи и активности во работењето на ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 која треба да се извршува континуирано во текот на целата година и подразбира:

1. Чистење (метење и миење) на јавните површини и отворени простори на јавни објекти;
2. Собирање на сметот;
3. Чистење на снег во зимски услови.
4. Чистење на диви депонии

Сметот како поим представува збир на отпадоци кои се создаваат при одржување на јавната чистота, а неговото собирање подразбира отстранување и сместување во садови за смет. Го има како секојдневен и сезонски.

Секојденвен смет:

- Отпадоци од возила кој настануваат при превоз на разновиден материјал (градежен материјал, овошје, зеленчук и технолошки материјал), при товарање и растоварање на разни стоки, при косење на тревни површини, при собирање на домашен смет.
- Загадувања од атмосверата: чад, прав, отпадоци од индустриски оџаци, гасови од моторни возила.
- Отпадоци настанати при интензивно врнење на дожд: наноси од земја, песок, лисја и друго.

Сезонски смет:
Се појавува сезонски и го има во два вида: лисја од дрвјата, суви гранки, како и песок, згура и ситен камен кој во зимскиот период служи за посипување на јавните површини заради намалување на лизгавоста по престанок на мразевите и снеговите.

## 1.2.Одржувањето на јавното зеленило

Одржувањето на јавното зеленило во Општината Гази Баба како дејност подразбира низа активности во поглед на:

- уредување на паркови, јавни зелени површини, дрвореди, тревници, зеленилото покрај сообраќајниците, зелени површини на станбени згради,јавни установи(здравствени ,воспитни, едукативни идр.) површини за рекреација, игралишта,излетнички места, шеталишта.
- подигање-садење, одгледување и обновување на зеленилото
- заштита на зеленилото од оштетување, болести и штетници
- косење на озеленетите површини
- чистење на озеленетите површини
- одржување на уредите, инсталациите и урбаната опрема што се наоѓа на зелените површини и нивна заштита од оштетување
- одржување и чистење на патеките на озеленетите површини.
- Одржување на Основните Општински училишта на територијата на Општина Гази Баба врз основа на склучени договори, и одржување на фудбалските терени на територијата на Општината

Во урбаниот дел на Општина Гази Баба само еден дел од зеленилото е во надлежност на ЈП " Паркови и зеленило" и тоа зеленилото на магистралните патишта , собирните улици како и зеленилото кое со проктна документација е предадено на ЈП "Паркови и зеленило " .

## 1.3 Тековно одржување и реконструкција на урбана опрема на Општината

Со овој дел од програмата се опфатени активности за тековно одржување на поставената опрема, како:клупи,корпи за отпадоци ,лулушки за деца ,летниковци и останата урбана опрема.

## 1.4 Тековно одржување на фонтаната на плоштадот во Автокоманда

Тука се опфатени активности за чистење на фонтаната со хемиски средства ,одржување на водоводната инсталација и осветлување на истата.

## 1.5 Поставување на фонтани за пиење на вода

## 2. Цели и задачи на Програмата

Основната цел на Програмата покрај отсликувањето на реалната состојба со јавните површини во општината, нивното тековно одржување, е и систематското ангажирање на луѓе, алат, опрема и прибор се со цел" подобрување на квалитетот на живеење на населението".

Бидејќи добар дел од површините во урбаните населби (катастарски непредадени на Паркови и зеленило) и површините во сите рурални населени места во општината остануваат непокриени со активности од комуналната свера, ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007 " е правниот субјект кој преку својата организациска поставеност и опременост (кадровска и техничка) во иднина треба да биде сервис на граѓаните на Општина Гази Баба.

## 3. Јавни површини кои ќе бидат третирани со оваа Програма

Општина Гази Баба ја сочинуваат:

- Седум населени места во урбан дел на Општина Гази Баба: Железара,Автокоманда,Керамидница, Триангла, Маџари, Хиподром и Ченто;
- Петнаесет населени места во рурален дел на Општина Гази Баба: Раштак, Булачани ,Црешево, Виниче, Смилковци, Стајковци ,Страчинци, Брњарци, с.Сингелиќ, Инџиково, Трубарево(Ергеле), Гоце Делчев, Јурумлери, Идризово( со Дрма) и Нова Колонија.

Општина Гази Баба се протега на површина од 97 $км^2$ Од вкупната површина на општината, јавните зелени површини опфаЌаат околу 307 389 $м^2$, односно зеленило на станбени објекти, училишни дворови, покрај улиците, скверовите, зеленило покрај јавни институции, деловните и трговските центри, тротоари, патеки и плоштади во урбаниот дел на Општината и околу 200 000 $м^2$ површини на паркови, игралишта, тротоари, јавни установи во руралниот дел на општината .
Цела оваа површина бара континуирано и системско следење и третирање со што би се подобрила моменталната состојба.

3.1.Во населените места -Железара, Автокоманда ,Керамидница, Триангла, Маџари, Хиподром и Ченто Ќе бидат третирани површините кои согласно законските прописи: Закон за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 5/2002 ) и Закон за Град Скопје (Службен Весник на РМ бр. 55/2004 ) се надлежност на Општина Гази Баба.

3.2. Во руралниот дел на општината ке бидат третирани површините:

1. Во н.м.Раштак:

-улицата од училиштето до влезот на с.Булачани во должина од 1 000 метри;
-пристап кон црквата 300 $м^2$;
-пристапниот пат према Бутел 800 м;
-автобуските постојки.

2. Во н.м.Булачани:

- главната улица од излез на с.Раштак до црквата во с.Булачани во должина од 1 500 метри;
- крак на улицата према селската куќа, училиштето и амбулантата во должина од 700 метри.

3.Во н.м.Црешево:

- улицата од влез на селото до излез према с.Булачани во должина од 800 метри;
- улицата према с.Виниче и тротоарот до училиштето во должина од 700 метри;
- пристап кон амбулантата ,црквата, месната заедница во должина од 400 метри;
- патот према с.Смилковци во должина од 500 метри;
- површината во сред село кај мостот 1000 $м^2$ ;
- автобуските постојки.

4. Во н.м Виниче:

- улицата од училиштето во с.Цресшево до крај на асфалтот во должина од 2000 м,
- автобуските постојки.

5.Во н.м.Смилковци:

- главната улица од влезот на селото до црквата во должина од 1200 метри;
- пристапот кон црквата;
- спортско игралиште со површина од 800 $м^2$
- автобуските постојки.

6. Во н.м Брњарци:
- два пристапни пата во должина од 1800 метри;
- плоштад пред учулиште со површина од 1000 $м^2$
- автобуските постојки.

7. Во н.м Страчинци:

- пристапниот пат кон селото во должина од 2000 метри;
- пристапот кон подрачното училиште Кирил и Методиј
- автобуските постојки.

8. Во н.м Стајковци:

- улицата на излез од с.Сингелиќ до клучката на заобиколницата во должина од 1500 метри;
- плоштадот во средсело со месната заедница, амбулантата, основното училиште со површина од 2000 $м^2$ ;
- пристапен пат кон црквата во должина од 205 метри;
- пристапен пат кон новите гробишта во должина од 800 метри;
- патот што води кон селоСтрачинци (до заобиколницата)
- автобуските постојки.

9.Во н.м.СингилиЌ
- главниот пат од н.Ченто до влез на с.Стајковци во должина од1500 метри;
- пристапот кон основното училиште 25- ти Мај;
- пристапните патишта кон верските објекти;
- патот што води кон Сингелиќ - Попова населба-Стајковци во должина од 1000 метри;
- автобуските постојки.

10. Во н.м Инџиково:
- пристапниот пат од населба Ченто во должина од 2000 метри;
- спортско игралиште со површина од 1000 $м^2$ ;
- пристапен пат кон црквата;
- трите поглавни улици што го опфаќаат селото во должина од 2500 $метри^2$;
- автобуските постојки;

11.Во н.м Ергеле;

- влезната улица во должина од 300 метри;
- широчината кај детските лулашки со површина од 400 $м^2$
- автобуската постојка;

12.Во н.м.Трубарево:

- улицата од црквата према Пуста Кула во должина  од  2000 $метри^2$;
- површината пред месната заедница 800 $м^2$
- улицата према стопанството во должина од 200 $метри^2$
- улица Панче Пешев;
- автобуските постојки.

13.Во  н.м.Гоце Делчев:

- две пристапни улици во должина од300 метри;
- просторот кај месната заедница 200 $м^2$  ;
- детскиот парк;
- автобуските постојки.

14.Во н.м.Јурумлери:

- влезната улица во должина од 800 $метри^2$;
- плоштадот со поврина од 400 $м^2$
- улицата во Дунек во должина од 550 $метри^2$;
- кошаркарското игралиште со површина од 400 $м^2$   ;
- улицата од амбулантата до ромското маало во должина од 500 $метри^2$;
- автобуските постојки

15.Во н. Нова Колонија:

- пристапниот пат кон основното училиште Његош во должина од 400 метри;
- просторот околу амбулантата, месната заедница, културниот дом со површина од 2000 $м^2$  ;
- спортското игралиште (асфалтно) со  површина од 800 $м^2$
- автобуските постојки;

16. Во н.м. .Идризово:

- влезната улица за во местото во должина од 800 $метри^2$;
- пристапот кон верските објекти;
- улицата према Колонија во должина од 400 $метри^2$;
- улицата према Дрма во должина 600 $метри^2$;
- просторот према месната заедница со поврШина од 400 $м^2$   ;
- автобуските постојки.

17.  Во н.м.Дрма:
-пристапната улица во должина од 800 метри;
-автобуските постојки.

4.Динамика за реализација на Програмата

Активностите за одржување на јавната чистота и зленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019 година, согласно стекнатото искуство од претходните години ги поделивме во 5 групи од кои:

- Четири групи стационирани во Урбаниот дел и тоа:

- Група 1.Железара, Керамидница (седиште Железара)
- Група 2Автокоманда,Керамидница (седиште во Автокоманда)
- Група 3.Ченто,Сингелиќ Инџиково (седиште во Ченто)
- Група 4.Маџари, Хиподром, Триангла (седиште во Маџари)

-Една групи стационирани во Руралниот дел и тоа:

- Група5. Група на потегот : Ергеле-Дрма (седиште во Нова Колонија)

Секоја од групите би се состоела од по 6 лица и тоа:

- 2 лица опремени со моторни косилки(тримери);
- 2 лица за чистење на теренот пред косење;
- 2 лица за собирање и изнесување .

Неделна динамика за Урбаниот дел:

- Четири дена од неделата во Железара, еден ден Керамидница;
- Четири дена од неделата во Автокоманда, еден ден Керамидница;
- Три дена од неделата во Ченто, еден ден Инџиково, еден ден с. Сингелиќ;
- Два дена од неделата Маџари, два дена Хиподром, еден ден Триангла

Неделна динамика за Рурален дел на потегот Ергеле-Дрма:

- Два дена од неделата Ергеле, Трубарево и Гоце Делчев;
- Еден ден од неделата Јурумлери;
- Два дена од Колонија, Идризово и Дрма.

Неделна динамика за Рурален дел на потегот с.Сингелиќ-Раштак:

- Еден ден од неделата Раштак и Булачани;
- Два дена од неделата Виниче,Црешево и Смилковци;
- Два дена од неделата Брњарци, Страчинци и Стајковци;

**Динамиката на работата за реализација на оваа Програма е подлежна на промени, со цел поуспешно справување со предизвците.**

## 5.Потребни ресурси за реализација на Програмата

За тековно одржување на овие површини ќе бидат ангажирани редовно вработени лица во ЈКП ГАЗИ БАБА, како и лица кои се сезонски ангажирани, согласно Програмата за одржување на комунална чистота и реализација на проекти од комунална инфраструктура преку ангажирање на невработени лица од страна на Општина Гази Баба.
Начинот на ангажирање на лицата преку ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 подразбира засновање на работен однос на определено или неопределено време со што овие лица ги уживаат сите права кои произлегуваат од Законот за работни односи.
Степенот на стручна подготовка за извршување на овие активности е дефиниран со Правилникот за организација и систематизација на работни места во ЈКП ГАЗИ БАБА-2007.

### Алат и прибор

Со оглед на тоа дека Јавното претпријатие веќе располага со определен вид на машини за метење и косење, неопходно ќе биде во иднина нивно надополнување.

### За реализација на Програмата потребно е:

За поефикасна реализација на Програмата се планира набавка на тримери, телескопи, моторни пили, дувалки за лисја и друг алат и опрема кој е потребен за непречено одвивање на активностите од страна на ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 Скопје.

### Опрема за безбедност при работа

Обезбедувањето на оптимални и сигурни услови за работа на работниците во процесот на работа со цел да се зачува животот и здравјето и нивната работна способност, интегритет и лична сигурност, ќе бидат од примарно значење на ЈКП ГАЗИ БАБА-2007.

Опремата за безбедност и здравје при работа треба да е во согласност Правилникот за безбедност при работа со кој се уредуваат мерките за заштита при работа, обврските на работодавецот и правата и обврските на работниците во областа за заштита при работа, Упатството за оспособување на работниците за безбедност при работа,Нормативот на неопходни лични безбедносни средства.

## 6.Финансиска конструкција за реализација на Програмата

А. Бруто плати за вработените 6 600 000,00 денари.
Б. Опрема за безбедност при работа 60 000,00 денари.
В. Гориво и мазива 2 000 000,00 денари.
Г. Сервисирање и одржување на машините и опремата 500 000,00 денари.
Д.Тековно одржување на урбана опрема 1 500 000,00 денари
Ѓ.Тековно одржување на фонтаната во Автокоманда 300 000,00
Е. ТИМ Билдинг активности - 600 000,00 денари
Ж. Камион со преса за собирање листови и трева- 1 845 000,00
З. Додаток за чистење на канали- 922 500,00
Ѕ. Кипер Камион троосовинец со додаток за чистење на снег – 3 690 000,00

**ВКУПНО: А+Б+В+Г+Д +Ѓ+Е+Ж+З+Ѕ= 18 017 500,00 денари.**

**Финансирањето на Програмата ќе се обезбеди од :**

- Буџетот на Општина Гази Баба
- Други средства утврдени со Закон

## 7.Надзор при реализирање на Програмата

Надзорот за спроведување на оваа Програма ќе се врши од страна овластено лице од Градночалникот на Општина Гази Баба.

# С о д р ж и н а

1.Вовед.................................................................................2
1.1.Одржување на јавна чистота...................................................2
1.2.Одржување на јавното зеленило ............................................ 3
1.3 Тековно одржување и реконструкција на убрбана опрема на Општината
1.4 Тековно одржување на фонтаната во Автокоманда 3
2.Цели и задачи на Програмата......................................................3
3.Јавни површини кои ќе бидат третирани со Програмата...........4
3.1.Во урбани населени места........................................................4
3.2.Во руралните населени места...................................................4
4. Динамика за реализација на Програмата...................................7
5.Потребни ресурси за реализација на Програмата....................8
6.Финансиска конструкција за реализација на Програмата...... 9
7.Надзор при реализација на Програмата .................................... 9
8. Содржина...................................................................................10

ЈКП ГАЗИ БАБА - 2007

В.Д. Директор

_______________________

Влатко Митовски